ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став 2 од Статутот на Општина Валандово и член 60 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесет и осмата редовна седница**
**на Советот на Општина Валандово**

Ја свикувам четириесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Седницата ќе се одржи на ден 14 ти јули 2025 година (понеделник) во 12:00 часот во салата за седници на Советот на Општина Валандово.

За работа на четириесет и осмата редовна седница го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2026 година;
2. Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2026 година;
3. Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година;
4. Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2025/2026 година;
5. Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2024/2025 година;
6. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2025/2026 година;
7. Предлог – Одлука за донесување на план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - станбени куќи во состав на селско- стопански двор на КП бр. 1263/1 КО Брајковци, Општина Валандово со технички број 039-1004/2025 од јуни;
8. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2025 година;
9. Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово во првите шест месеци од 2025 година.

Претседател
на Совет на Општина Валандово
Владимир Марков

Врз основа член 20 став 3 и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23,171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1, точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и осматата редовна седница, одржана на ден 14.07.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - станбени куќи во состав на селско- стопански двор на КП бр. 1263/1 КО Брајковци, Општина Валандово со технички број 039-1004/2025 од јуни**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува план за парцелација за формирање на две градежни парцели со намена А1.5 - станбени куќи во состав на селско- стопански двор на КП бр. 1263/1 КО Брајковци, Општина Валандово со технички број 039-1004/2025 од јуни.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Валандово, да постапи согласно член 20 став 3 од и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање(“Службен весник на РСМ” бр.32/20,111/23,171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков